**Хармонизиран индекс на трошоци на живот - вкупно - годишен просечен индекс за 2011 година (2005=100)**




Податокот за Македонија е базиран на експериментални пресметки




Државен завод за статистика
Даме Груев - 4, 1000 Скопје
тел: ++389 2/3295 600
факс: ++389 2/3111 336
e-mail: info@stat.gov.mk
www.stat.gov.mk

Република Македонија
Државен завод за статистика



# Хармонизиран индекс на трошоците на живот

Овој памфлет е изготвен со финансиска помош од Европската унија. Содржината на овој памфлет е единствена одговорност на Државниот завод за статистика и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската унија.

**Хармонизираниот индекс на трошоци на живот е дизајниран за меѓународна споредливост**

Хармонизираните индекси на трошоци на живот (HICP) се хармонизирани податоци за инфлацијата кои се дефинирани со членот 121 од Амстердамскиот договор (109ј од Договорот на Европската унија). Тие се дизајнирани за меѓународната споредливост на инфлацијата на трошоците за живот. Фокусот е како на квалитетот и споредливоста помеѓу индексите на различните земји, така и на нивните релативни движења.

Хармонизираниот индекс на трошоци на живот (HICP) е централен индикатор кој се користи да се определи ценовната стабилност во насочување на извештаите неопходни со Договорот и за монетарната политика за евро зоната на Европската централна банка. Хармонизираниот индекс на трошоци на живот (HICP) се пресметува како верижен индекс овозможувајќи пондерите да бидат променети секоја година.

Од голема важност е дека Република Македонија блиску асоцира во истиот процес на квалитативни подобрувања како и постоечките земји членки на ЕУ. Ефективната имплементација на општиот базичен индекс како и имплементацијата на одредени технички тешки прашања (елементи како квалитативните и сезонските прилагодувања, прашањето за примерокот и деталната класификација на производи) се одлучувачки за да се обезбеди доволен квалитет и споредливост на националниот Хармонизиран индекс на трошоци на живот во иднина. За да се подобри квалитетот на HICP во Република Македнија, посебно за гореспоменатите прашања и да се имплементираат новите мерки, државата прими помош во трансфер на знаење од надворешен експерт која ќе биде имплементирана во работата на Државниот завод за статистика.

**Мерки за инфлацијата**

*Годишната стапка* е мерка која ја прикажува промената на цените помеѓу тековниот месец и истиот месец од претходната година. Оваа мерка одговара на последните промени на ценовните нивоа, но може да влијае со еднократни ефекти во било кој месец.

*12 месечната просечна стапка* ја надминува нестабилноста со споредување на просечниот Хармонизиран индекс на трошоци на живот во последните 12 месеци со просекот во претходните 12 месеци. Оваа мерка е помалку чувствителна на краткотрајните промени на цените.

*Месечната стапка* ги споредува ценовните нивоа помеѓу последните два месеца. Сепак, ажурирана таа може да биде под влијание на сезонските и други ефекти.

*Влијанието* на одредена компонента ја мери промената на водечката инфлација поради вклученоста на таа компонента во HICP. Влијанието ги зема предвид пондерот и дали инфлацијата на таа компонента е повисока или пониска отколку сите останати артикли.

Податоците за цените на мало на артиклите и услугите претставуваат резултат на редовните снимања на цените со кои се следат цените на земјоделските и индустриските производи на мало, како и цените на услугите. Индустриските производи и услуги се снимаат еднаш месечно, додека земјоделските производи се снимаат двапати месечно. Снимањето на цените на околу 600 прозводи и услуги се спроведува во 8 градови во државата. При изборот на производите за следење на цените се земени предвид само оние производи што имаат значајно учество во прометот на мало.

Просечните месечни цени на мало во Република Македонија се добиваат по пат на пондерирана аритметичка средина, со тоа што просечните цени од одделни градови се пондерираат со продадените количества на соодветните артикли во тие градови. Просечните годишни цени на производите и услугите се добиваат со аритметички просек на цените за 12 месеци.

**Индекси на трошоците на животот според Класификацијата COICOP**

2005 = 100

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 103.2 | 105.6 | 114.3 | 113.4 | 115.2 | 119.7 |
| Храна и безалкохолни пијалаци | 102.1 | 105.9 | 121.6 | 120.0 | 120.3 | 127.7 |
| Алкохолни пијалаци, тутун | 123.9 | 126.7 | 132.0 | 136.4 | 137.1 | 138.6 |
| Облека и обувки | 100.2 | 102.0 | 103.9 | 103.8 | 104.6 | 106.1 |
| Домување, вода, електрика, гас и други горива | 102.7 | 108.9 | 116.1 | 122.1 | 130.6 | 137.2 |
| Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина | 100.1 | 100.2 | 103.4 | 103.9 | 104.2 | 105.2 |
| Здравје | 101.7 | 101.2 | 98.6 | 101.5 | 102.4 | 106.3 |
| Транспорт | 105.6 | 107.1 | 116.1 | 104.5 | 111.6 | 117.5 |
| Комуникации | 96.5 | 87.4 | 83.0 | 80.2 | 78.6 | 77.3 |
| Рекреација и култура | 103.7 | 104.3 | 104.1 | 99.7 | 100.3 | 99.4 |
| Образование | 108.3 | 109.7 | 110.8 | 112.5 | 109.2 | 102.9 |
| Ресторани и хотели | 102.3 | 106.6 | 118.2 | 120.8 | 120.5 | 122.8 |
| Останати стоки и услуги | 106.0 | 109.6 | 112.3 | 112.2 | 113.0 | 115.7 |

**Индекси на трошоците на животот** [1)]

| 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **100** | 103.2 | 105.6 | 114.3 | 113.4 | 115.2 | 119.7 |
| 96.9 | **100** | 102.3 | 110.8 | 109.9 | 111.6 | 116.0 |
| 94.7 | 97.8 | **100** | 108.3 | 107.4 | 109.1 | 113.4 |
| 87.5 | 90.3 | 92.3 | **100** | 99.2 | 100.8 | 104.7 |
| 88.2 | 91.0 | 93.1 | 100.8 | **100** | 101.6 | 105.6 |
| 86.8 | 89.6 | 91.6 | 99.2 | 98.4 | **100** | 103.9 |
| 83.5 | 86.2 | 88.2 | 95.5 | 94.7 | 96.2 | **100** |

1) Податоците се читаат само хоризонтално

**Годишни индекси на трошоците на животот според COICOP, на одделни групи, 2005-2011**




**Ниво на месечни индекси на трошоците на животот, 2005 - 2011**
(споредени со истиот месец од претходната година)

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 98.6 | 102.8 | 100.8 | 108.7 | 101.7 | 100.1 | 103.2 |
| Февруари | 100.0 | 102.6 | 100.5 | 109.6 | 100.7 | 100.6 | 103.9 |
| Март | 100.2 | 102.8 | 100.8 | 110.2 | 100.2 | 100.7 | 105.2 |
| Април | 100.6 | 103.2 | 101.0 | 110.1 | 99.5 | 101.4 | 104.8 |
| Мај | 100.7 | 104.1 | 100.9 | 109.5 | 100.4 | 100.2 | 105.2 |
| Јуни | 101.4 | 103.0 | 101.3 | 110.1 | 98.3 | 101.8 | 104.1 |
| Јули | 100.7 | 103.8 | 101.3 | 109.5 | 98.7 | 101.5 | 103.8 |
| Август | 100.5 | 104.0 | 102.2 | 108.6 | 98.6 | 101.9 | 103.6 |
| Септември | 101.1 | 103.1 | 103.6 | 107.1 | 98.6 | 102.0 | 103.4 |
| Октомври | 100.9 | 102.6 | 103.9 | 107.1 | 97.6 | 102.7 | 103.3 |
| Ноември | 100.2 | 103.7 | 104.6 | 105.2 | 97.7 | 102.9 | 103.5 |
| Декември | 101.2 | 102.9 | 106.1 | 104.1 | 98.4 | 103.0 | 102.8 |